# ЗНМ: Новинарската етика не се регулира со закон

**13:22, 05 февруари**

Сподели ја веста:

Силно ја осудуваме хајката и црната кампања во медиумите против европскиот посредник Питер Ван Хауте во врска со последните предлози на СДСМ за медиумски реформи.

Ваквото неодговорно однесување на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ не помага да се најде квалитетно решение за медиумските реформи. Со лаги и подметнувања двете партии не можат да ја сокријат нивната одбивност кон вистински рефоми во медиумите.

Уште еднаш повторуваме дека предлогот на СДСМ, кој беше доставен неделава во битни делови се разликува од предлогот на посредникот Ван Хауте. СДСМ нивните лоши идеи за медиумите сака да ги препише на посредникот. Според нас, ваквото подметнување го покажува неискрениот однос на СДСМ за вистински реформи во медиумите.

Одлучно сме против идејата на СДСМ новинарска етика да се регулира со закон. Да се казнуваат медиумите со глоби за прекршување на новинарската етика, е недемократска практика. Во демократски земји примената на професионалните стандарди се регулира со саморегулација во медиумите.

Сподели ја веста:

## Поврзани вести



Селмани и Чилиманов ги судрија ставовите околу медиумите



Дебатата за законот за медиуми одложена за утре



ЗНМ не го прифаќа предлог
на ВМРО-ДПМНЕ за медиумите


Насловна

Земја
Регион
Свет
Економија
Спорт
Забава
Емисии
Филмови
Серии

Емисии

Да готвиме заедно
Про Спорт
Документарни емисии
Огледало на здравјето
Емисија 200
Сите

Линкови

За нас
Маркетинг
Редакција
Временска прогноза

Конт

Наци
теле
Бул:
7-ми
Т.Ц.
Ламе
Тел:
Факс

Конт